


Првиот  човек кој напишал биографија на еден од најголемите раководители  на македонското револуционерно движење Јане Сандански бил рускиот   журналист, публицист и писател Василиј Василијевич Водовозов.

# Русот В. В. Водовозов прв биограф на Јане Сандански

Првиот човек кој напишал биографија на еден од најголемите раководители на македонското револуционерно движење Јане Сандински бил рускиот журналист, публицист и писател Василиј Василијевич Водовозов. Неговиот кус биографски осврт за Сандински бил прво објавен во рускиот печат во 1916 година, а во идната 1917 бил печатен и во една книга збирка прилози од Водовозов.

Биографскиот осврт на Водовозов бил напишан по повод првата годишнина од убиството на Сандански, извршено на 22 април 1915 година.

Пишуван речи си, во самиот вител на настаните во чиј центар стоел и Сандански, пригодно и повеќе врз основа на сознанијата од непосредното, донекаде и лично контактирање и набљудување, во освртот на Водовозов се среќава и по некоја фактографска неточност, или нови и, засега непотврдени искажувања по Јаневите политички гледишта од времето непосредно по заклучувањето на Букурешкиот мировен договор. Наспротив овие фактографски неточности, Водовозов вонредно успешно ги согледал, како Сандански во сета негова величина, така и неговото време со сета негова сложеност. Освртот е пишуван со многу човечка топлина и со видлива, иако донекаде дистанцирана, лична наклонетост на В. Водовозов спрема «борецот на македонската независност» Јане Сандански.

Последново пак не обврзува да кажеме нешто повеќе и за авторот В. Водовозов, зашто и за Сандански, па и за современите македонски генерации не е безразлично кои руски луѓе и општествени средини им ги давале својата поддршка и симпатии на тогашните македонски борци за слобода.

Василиј Василијевич Водовозов е роден во 1864 година; подоцна студира на историско-философскиот и на правниот факултет во С.-Петербург, , што, само по себе говори, дека добил солидно и широко образование. Неговите родители Василиј и Елисавета Водовозова биле познати руски педагози, кои оставиле и поголеми публикувани трудови. Најмногу работел како новинар и публицист, уредувајќи ги надворешно-политичките рубрики на неколку руски списанија и весници. Во 1887 година од полицијата бил заточен на пет години во Архангелската област. За полити[...] определеност на В. Водовозова говори и ф[...] што два од весниците, во кои тој подоцна с[...]тувал, биле забранети од царската цензур[...] биле «Наша жизнь» (Наш живот), кој излу[...] во С.-Петербург до 1906, и «Товарищ» (Д[...] што го продолжил првиот, но кој бил забра[...] 1908 година. В. Водовозов најмногу се зани[...] со прашањата на изборното право и полити[...] партии во западните земји. Од неговото пе[...] легле голем број статии од областа на полит[...] државното право и поновата историја, пу[...]вани во разни весници и списанија, како и [...] брошури за разни политички прашања. В[...] од руските енциклопедии стои дека тој бил[...]пен деец на руската општествена мисла и [...]налистика».

Со журналистика се занимавал, остан[...] да живее во Москва и по Октомвриската р[...]ција до околу 1922 година. В. Водовозов би[...] од најплодните дореволуционерни руски ж[...]листи. Кога умрел — ние не знаеме точно.

В. Водовозов најмалку трипати, по про[...]нална должност, патувал и на Балканот[...] 1894, 1909 и 1913 година. Во последната [...] пропатувал и низ делот на Македонија кој [...] под српска власт. Неговиот интерес за М[...]нија и Балканот особено дошол до израз во[...] одот од 1912 до 1916 година од кое време о[...] поголем број статии и дописки, публи[...] главно, во списанието «Современик». И [...]нив, како што тоа го покажува и освртот [...]дански, лачи објективност и слободољубие[...]

Во неколкудневните дискусии во 1915 [...] организирани во Петроград од видни рус[...] учници и општественици, во кои зеле уче[...] најистакнатитте преставници од бугарс[...] српската академија на науките, В. Водово[...]тапил заедно со претставниците на Македо[...] петроградска колонија (Д. Чуповски и др[...]неjќи ја каузата на Македонија и македо[...] народ.

«Македонска Нација» има голема чест [...] биографија на Сандански да ја објави за [...] читатели, без било какви скратувања, и [...]вод од руски на македонски јазик.

---

Вие ќе се спасите сами себеси како деца на една

**ЈАНЕ САНДАНСКИ**

Кратката телеграма за убиството, чија[...]

кавите фигури кои, во последниве две децении, работеа на Балканскиот Полуостров.

Сандански е роден во 1873 година близу до Драма, во оној дел од Македонија, кој според Букурешкиот мировен договор од 1913 година падна под власта на Грција. (Белешка на «Македонска Нација»: Водовозов тука греши, Сандански е роден во 1872 година, во пиринското село Влахи, во околнината на Свети Врач, денес, град Сандански). По своето национално потекло тој беше чист Словен, а неговиот мајчин јазик може да се смета за сосема близок, но одделен од бугарскиот јазик. Се школувал во гимназија во Бугарија, но завршил само четири класа, потем кратко време бил на служба во едно од малите гратчиња, пак во Бугарија, но веќе во 1894 година си дал отказ (неговите непријатели говорат дека бил отпуштен поради некакви нечесни работи, но ова е крајно сомнително). По ова време тој се оддаде на революционерна дејност во полза на својата татковина, Македонија, работејќи како организатор и војвода на четите.

Во революционерните чети на Балканскиот Полуостров влегуваа мошне разнородни луѓе; во нив стапуваа и луѓе од идеи, кои се бореа за ослободувањето на својата татковина од тиранијата и кои си стремеа кон определени социјални реформи; тука, во четите, стапуваа и оние, кои беа желни за слободен живот и на кои им беше тешко да опстанат под гнетот на полициските и социјални услови — луѓе кои бараа простор што ќе им овозможи да го изразат своето јунаштво; во четите влегуваат и такви, за кои во рамките на легалните закони немале место со било што друго да се занимаваат и кои, едноставно, претставуваа разбојници.

Во разните времиња преовладуваа час едните, час другите од овие елементи. Сандански, без секакво сомнение, и припаѓаше на првата категорија. Селанец по потекло, притоа селанец на Турција, кој уште од детството знаеше што значи безземјаштво и крепосна зависност која фактички постоеше тогаш во Турција, без оглед на нејзиното укинување со законот; се залагаше за конфискација на земјишната сопственост од помешчиците (беговите и за нејзиното доделување на јараджиите и ратаите; потем тој беше приврзаник на идејата за создавање самостојна држава од Македонија или, во најлош случај, на одделна автономна област. Тоа беше неговата програма.

Во секој случај, како цел, на преден план ја поставуваше аграрната, а политичката (реформа) свесно ѝ ја потчинуваше на аграрната реформа.

Јас повеќе пати сум се среќавал со Сандански

народник, останувајќи ѝ доследен на својa
грама, во истото тоа време,никаде и нико
се задоволи со второстепена улога, со второ
сметајќи ги за дозволени и не запирајќи
никакви средства на патот на остворуван
своите општи политички цели, а со тоа и
мено да не поднесува покрај себе и свој
ривал.

Макар што му недостасуваше што —
риозно образование, тој беше човек со кру
со превосходно познавање на Македонија
донскиот народ, и со истанчено чувство да
ентира во политичките прашања на секој
момент. Сред македонското селанство Сан
уживаше огромна популарност.

На самиот почеток од својата револуци
кариера, во 1896 година, тој успеа да го кре
бунт гратчето Мелник, кое се прогласи з
бодено. Само по себе се разбира, дека гра
република на Мелник не можеше да биде
и по неколку дена градот се предал на ту
власти коишто, јасно, жестоко им одмазд
револуционерните раководители за својо
времен пораз. Но Сандански успеал да
зира таму свои следбеници, и оттогаш
Мелник, стана главен центар на неговата д
Одовде тој го ширеше своето влијание вр
от простор помеѓу реките Струма и Места.
планинскиот венец Пирин Планина, оваа
и се нарече пиринско царство, а невидли
турските власти, Сандански, стана негов ц
ка, со средствата од самите селани, никнув
лишта чиишто учители беа следбеници н
дански. Тука турските бегови ни смееја да
третираат селаните-чифлигари, како што
правеа во другите места; тука турските вл
плашеа од одговорност за своите злосторс
само од повисоките власти во главниот г
вилаетот, Солун, туку и од пиринскиот ца
од овој последниов и повеќе, зошто од него
жеа да се откупат со бакшиш. Самиот пи
цар, пак, со својата чета се движел низ пир
те долови и шуми, превземајќи одвреме-н
напади ту против турските воени одреди,
тив турските чиновници и села, убивајќи
пријателите и конфискувајќи им го имотот
ваквите средства се изразувала, во овие
ња, и политичката борба. Но објект на не
напади не беа само Турците.

Во Македонија постоеја разни ревлуци
партии; имаше грчка партија, постоеше
решна организација» која добиваше пар
секаква друга помош од Софија и која ра
за припојување на Македонија кон Бу

беше убиен еден од најпознатите водачи на македонското револуционерно движење од бугарската партија. Тоа беше Борис Сарафов. Сандански, макар што во ова убиство не зел непосредно учество, сепак, софискиот суд и него беше го осудил како морален соучесник во убиството. Дали Сандански носи вина за ова дело, јас, со полна сигурност, не би се решил да кажам; самиот Сандански пак, во разговор со мене, категорички одречуваше своето учество во ова убиство, но јас сум наклонет да мислам, дека во дадениот случај пресудата е донесено далеку не без основание. Одговорот за убиството на Сарафов беше посегнувањето врз животот на Сандански кој беше тешко ранет во грбот, со истрел од пушка(Белешка на «Македонска Нација»: Сандански двапати бил рануван од бугарските агенти врховистите во Солун, во 1908 и во 1909 година).

Во Бугарија Сандански беше осудун на смрт во отсутство, а во Турција смртната казна му беше изречена далеку порано. По таков начин, тој беше принуден да живее живот на прогонуван волк, немајќи можност од турска Македонија да се заслонува дури ни на територијата на Бугарија која, инаку ги толерираше македонските револуционери од другите политички нијанси. Во Грција и Србија тој, исто така, не можеше да очекува благонаклонет прием.

Во 1908 година стана турската револуција. Веднаш по младотурските свечености беше дадена широка амнестија на политичките борци, која го опфати и Сандански. Оттогаш тој можеше да живее легално и сосема слободно се појавуваше на улиците и во локалите на Цариград, Солун и другите градови и села во Турција, па според тоа, и во Македонија. Турската револуција ѝ донесе на Македонија извесно подобрување во режимот на управувањето, но за решавањето на аграрното прашање таа не стори баш ништо. Може да се каже дури обратното. Додека дотогаш македонскиот селанец можеше, поради сторената му неправда од турските бегови и полицајци, да ѝ се пожали на четата, — револуционерната чета тогаш ја земаше улогата на таен судија и јавен одмазник, сега, подобрувањето на полицискиот надзор, сосема ѝ ја одзеде на револуционерната чета ваквата улога. Поради тоа, положбата на македонскиот селанец стана, всушност, поскоро полоша, отколку подобра.

Затоа пак — ми рече Сандански во Цариград во 1909 година — сега во Македонија добивме можности за отворена борба во легални форми; ние веќе не сме ѕверови што ги прогонуваат, ами граѓани; ние можеме да работиме на реформирањето на татковината и нашиот труд не ќе оста-

царство. И најмногу од сè друго се плаш
тоа, нашите «мили пријатели» — Бугарите
те и Грците, да не дојдат да нè «ослободув

Според тоа, Сандански, меѓу сите маке
револуционери, се истакна како главен и
тел на идејата за помирување со младоту
влада и по оваа линија дефинитивно се р
не само со приврзаниците на пробугарска
ентација, туку и со дел од своите довч
другари кои од самиот почеток се покаж
далекувиди и не ѝ поверуваа на турската
луција (Белешка на «Македонска Нација
довозов греши кога тврди дека Сандански
кажал помалку далекувиден од своите д
и дека многу им верувал на младотурскит
вања, што донекаде се потврдува и од на
ното негово излагање. Напротив оваа ка
ристика повеќе им прилега на дел од н
не докрај доследни следбеници и другари
сè друго, најнеобичното се состоеше во бр
со која довчерашниот комитаџија, кој со
се криеше по планините, прогонуван од
јателите и самиот прогонувајќи ги нив, ч
на пистолетот, на јатаганот и на пожарот,
образи во политички деец на уставната д
кој сега се грижеше и за испраќање на св
дидати во парламентот и за парламент
групи.

Меѓутоа, веќе во тоа време, т. е. во 190
на, многу нешта можеа да го наведат, а и
ведуваа Сандански на размислувања. Ме
гото, тогаш тој ме запозна со Хилми-паш
шен велик везир на Турција којшто пор
својство на генерален гувернер на Македо
беше осудил Сандански на смрт, а сега, по
тијата се наоѓаме со него во прилично добр
ни односи. Го прашав Хилми-паша како
мисли да земе турската влада спрема ат
ните стремежи во разните делови на Тур
од него добив решителен одговор, дека за т
та влада не постојат ни Македонци, ни Ар
Евреи, туку постојат само отомански граѓа
добиваат полна лична слобода, но единств
ко отомански граѓани и под услов на одре
од било какви стремежи кон политичка а
мија. Сандански, разбирајќи го слабо фран
от јазик на кој ние разговаравме, но сепа
вувајќи ја содржината на разговорот, зап
самиот разговор со Хилми-паша на турски
Овој пат јас бев лишен од можноста да го
нивниот разговор, но отпосле Сандански м
дека и тој со Хилми-паша говорел за исто
шање и го завршил разговорот со зборови

«Со вашата политика на централизам
го копате гробот на Турција»

Што можеше да стори тој? — Сандански, и сега како и порано беше убеден дека само целосна Македонија може непречено да се развива, но мораше да согледа дека остварувањето на овој план се покажа невозможно. Му преостануваше од неколкуте зла да го избере најмалото, и тој се задржа на Бугарија која, како што изгледаше тогаш, ги имаше шансите да ја добие цела Македонија, и следствено на тоа, во крајна линија да ги зачува нејзината целост и единство. И, Сандански формира посебни чети под своја команда, со кои се бореше против Турците, а на страната на Бугарија, но не откажувајќи се од принципот «Македонија — на Македонците», и не губејќи ја надежта дека иднината ќе му даде можности и да го оствори овој принцип. Се бореше на страната на Бугарија, но останувајќи и натаму во неа човек лишен од права, кого што секој момент можеа да го врзат и испратат на бесилка. Во летото 1913 година го сретнав во Софија. Тој се движеше сосема јавно по улиците на Софија; ги посутуваше софиските кафеани (локали) и ни малку не криејќи се. Многумина го познаваа при среќавањата и бише јасно дека ништо не пречеше да биде фатен и затворен. Но, веројатно, бугарската влада ѝ имаше издадено наредба на полицијата да не го ѓиба. И, навистина, по извесно време, во бугарското Народно собрание беше изгласан закон за амнестирање на Сандански и на неколкумината негови другари.

Според Букурешкиот мировен договор (10. VIII. 1913 б. н.) родниот крај на Сандански (според В. Водовозов, Драмска околија во Егејска Македонија) за кој тој сметаше за неопходно да се обедини со западна и северна Македонија, ја доби, според него најлошата од сите можни судбини: овој дел од Македонија попадна под власта на Грција, која во областа на аграрното прашање ја

продолжуваше политиката на турската в
во рамките на почитувањето на правата на
се покажа, одвај ли не полоша од турска
да, барем од времето на револуцијата од
дина. Зависно од настаните, Сандански бе
нуден донекаде да ја измени својата пол
програма и стана еден од носителите на
за нова делба на Македонија во интерес на
ската влада (Белешка на «Македонска Н
Промената во политичката програма на
ски, за која овде говори В. Водовозов, о
непотврдена и требе да се прими со резер

Во последно време во безначајното сп
че «Македонскиј голос» кое, на руски ја
издава во Петроград од една група маке
емигранти, а кои ѝ останаа верни на идеја
кедонија — на Македонците», се појавија
ку остри статии против овој македонск
Овие статии јасно говорат за тоа дека п
ниците на автономна Македонија требало
нитивно и решително да ги прекинат врс
Сандански.

Тој имаше мошне многу непријатели.
непријатели беа Турците, негови непр
беа Грците и Србите кои ја застапуваа
косновеноста на Букурешкиот мир; тој има
пријатели од средината и на самите Мак
Од чија страна дојде ударот (убиството б
не знаеме.

А ударот беше нанесен прецизно — она
ко што умееше да ги нанесува и самио
дански.

В. В. Во

Белешка на «Македонска Нација»: уб
на Сандански било организирано од буга
дворец, а го извршиле четниците на буга
слуга врховистот Тодор Александров.